**20100480904**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 48 став 1 алинеја 1 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08),министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА ОПРЕМА НА ВОЗИЛОТО, ВЕЛОСИПЕДОТ И ЗАПРЕЖНОТО ВОЗИЛО ЗА БЕЗБЕДНО УЧЕСТВО ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, КАКО И НА ТРАКТОРИ ЗА БЕЗБЕДНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ, ОДНОСНО ШУМСКИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за задолжителната опрема на возилото, велосипедот и запрежното возило за безбедно учество во сообраќајот на патиштата, како и на трактори за безбедно извршување на земјоделски, односно шумски работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/10), во член 4 во ставот 1 зборовите: „Патнички моторни возила, комбинирани“ се заменуваат со зборот „Комбинирани“.

Во ставот 2 зборовите: „Патнички моторни возила и комбинирани“ се заменуваат со зборот „Комбинирани“.

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„6. Патнички моторни возила може да имаат противпожарен апарат за гасење на пожар“.

Член 2

Во член 9 во ставот 1 зборот „треба“ се заменува со зборот „може“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14.1-19562/1
6 април 2010 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.